

## м-р КРИСТИНА ПАЛИЈА

Кристина Палија, сопран, родена 1984 во Неготино. Средно стручно образование завршува во Средното музичко училиште во Штип на отсекот по соло-пеење кај проф. Александра Коцевска.
Прв циклус на студии запишува на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на Факултетот за музичка уметност . Како солиден студент на отсекот по соло - пеење се истакнува уште во текот на првиот циклус на студии. Како солист редовно зема учевство на свечените концерти кои се случуваат со целиот ансамбал на Факултетот за музичка уметност со оркестарот на Македонската опера и балет и со оркестарот на Македонската Филхармонија.
Се појавува на неколку државни и меѓународни натпревари од кои во Македонија зема две награди со прво место и една награда со второ место. Исто така учествува и на меѓународниот натпревар по соло-пеење „ Лазар Јовановиќ" во Белград, Р.Србија каде освојува второ место, а на меѓународниот натпревар по соло-пеење „ARSKOSOVA„ во Приштина - Косово ја освојува првата награда. Во 2014 год. зема учевство на Интернационалниот натпревар по соло пеење „Montserat Caballe" во Сарагоза - Шпанија . Се здобива и со повеќе благодарници од кои ја издвојува благодарницата СРЕБРЕН ОРДЕН врачена од врвот на АРМ.
Дипломира на отсекот по соло-пеење на ФМУ во Скопје во класата на проф. Марија Муратовска – Наумовска . Магистрира на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје на Факултетот за музичка уметност на отскот по соло – пеење во класата на проф. Весна Ѓиновска – Илкова (првенец на националната установа македонска опера и балет) . Своето деби го доживува на сцената на Македонската опера и балет со улогата на Микаела во операта Кармен од Ж.Бизет под диригентската палка на маестро Доријан Вилсон од Германија .
Последите години активно ја претставува Македонија на сцените во Словенија, Австрија, Шпанија, Мароко (Африка) и други земји



## д-р НЕВЕНКА ДУКОВСКА

Невенка Дуковска (Трајкова) е родена во Скопје 1984 год. потекнува од музичка фамилија, а со пијаното се дружи од својата најрана возраст.
Основно и средно музичко образование завршува во ДМУЦ „Сергеј Михајлов" во Штип ,каде што работи и живее. Дипломира и магистрира на отсекот пијано на Националната музичка академија „Панчо Владигеров" - Софија , Р.Бугарија во класата на Проф.Антон Диков и асистент Елена Дикова.
Магистрира на истата академија - отсек пијано,а во 2013г. докторира во областа на камерната музика и корепетицијата, преку која што ја истражува ,а воедно и афирмира современата музика .
Во моментот работи како вон.проф. на Универзитетот „Гоце Делчев" на Музичката академија во Штип. Д-р Невенка Дуковска е дел од многу Меѓународни натпревари, како уметнички директор, претседател на организационен одбор и како член на меѓународни жири комисии во Македонија и странство.
Покрај многубројните солистички концерти има настапувано и со најразлични камерни состави и ансамбли низ Македонија, Италија, Србија, Косово, Бугарија, Грција, Шпанија, Австрија и како дел од трио Grazioso на турнеја низ Словенија и два пати Австрија
(2015 и 2016 г.) и три пати на турнеја низ Мароко, Африка (2016 , 2017 и 2018г).
Учесник е на многу меѓународни и државни натпревари. Добитник е на повеќе први награди како пијанист, а добитник е и на награда од меѓународниот Арт фестивал „Езерски бисери" – Струга за најдобар корепетитор на натпреварот.
Учествува на редица семинари кај истакнати пијанисти како Александар Блох, Тамара Подубнаја, Марчела Кручели и други. Разновидноста на камерните состави со кои настапува и досегашната корепетиторска дејност го збогатуваат нејзиниот репертоар со кој често настапува на сцените низ Македонија и надвор од неа.